Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Скопје, мај 2012 година

## ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за извршување ("Службен весник на РМ" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/11) е донесен во мај 2005 година, а почна да се применува од 26 мај 2006 година.

Анализата на податоците од примената на Законот за извршување го потврдија фактот дека станува збор за реформски закон кој ги даде своите позитивни резултати. Новиот систем на извршување на извршни исправи функционира без позначајни проблеми.

Во Законот за извршување постоеја одредени недоречености во делот на постапувањето на нотарите по приговор од должникот против решението на нотарите со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, потоа во делот на постапувањето на заменикот на извршителот во случај на престанок на должноста на извршителот, како и обврските на заменикот на извршителот кога го заменува извршителот во случај на спреченост на извршителот да ја извршува должноста поради трајно или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста - суспензија.

Воедно во глава тринаесетта која се однесува на извршување врз парично побарување на должник, во делот извршување врз побарување по сметка кај банка, постојното решение беше креирано пред законското регулирање на сферата на трансакциските сметки на лицата, на која се слеваат сите приходи во корист на едно лице и за која ниту банката како носител на платниот промет, ниту пак извршителот во иницијалната фаза на извршување немаат сознанија за постоење на основи за ценење на законските ограничувања од членовите 104 и 105

од Законот, што честопати предизвикува негативни реакции во јавноста без конкретна вина на банките ниту пак извршителите, поради што се појави за потребно да се прецизира начинот на извршување кога се работи за извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице.

Покрај овие измени се пропишува и нова дисциплинска повреда со цел да се обезбеди законито работење на извршителите, кога нивното постапување е уредено со друг закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените законски решенија е создавање на систем за ефикасно извршување.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување во одредбите со кои се уредува постапувањето на нотарите во врска со предлозите за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа односно во членот 16-ж со кој се уредува обврската за плаќање на судска таска, се пропишува дека во постапката за донесување на решение со кое се дозволува извршување се плаќа судска такса согласно со Законот за судските такси намалена според Законот за нотаријатот, а зборовите „како и по приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа “ се бришат. Ова од причина што судска такса по приговор против решението за извршување врз основа на веродостојна исправа ќе ја наплатува судот кој ќе постапува по приговорот и не постои основ за намалување на истата.

Воедно се пропишува дека заменикот на извршителот ќе го заменува извршителот и во случај на изречена дисциплинска мерка привремено одземање на правото на вршење на должноста на извршителот кој го заменува. Со предложените законски решенија се пропишува дека заменикот на извршителот

ќе продолжи да ја врши должноста во случај на престанок на должноста на извршителот, до завршување на постапката за именување на извршител, како и се врши прецизирање на правата, обврските и одговорностите на заменикот на извршителот, односно се пропишува дека доколку заменикот на извршителот постапува поради спреченост на извршителот на кој му е изречена дисциплинска мерка трајно или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста-суспензија, не смее да прима нови барања за извршување.

Во глава тринаесетта која се однесува на извршување врз парично побарување на должник, во делот извршување врз побарување по сметка кај банка, се прецизира начинот на извршување со тоа што кога се работи за извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице, со налог за извршување и се наложува на банката паричниот износ за кој е издаден налог за извршување да го исплати на посебната сметка на извршителот кој е должен да ги чува 15 дена по извршениот пренос на средствата, а на физичкото лице му се овозможува да пристапи пред извршителот и да презентира постоење на основи за ограничување или изземање од извршување предвидени со законот. Ако физичкото лице презентира такви основи за ограничување или изземање од извршување извршителот ќе го спроведе извршувањето од соодветниот износ на средствата почитувајќи ги ограничувањето и изземањето на извршување на средствата, а остатокот од средствата ќе му ги врати на должникот. При креирањето на ваквото законско решение беа консултирани Националниот совет за платни системи при Народната банка на Република Македонија, како и Министерството за труд и социјална помош, кои со своите укажувања придонесоа во финализирање на предложеното решение.

Покрај оваа измена се пропишува нова дисциплинска повреда со цел да се обезбеди законито работење на извршителите, кога нивното постапување е уредено со друг закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување не предизвикува дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој Закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## ПРЕДЛОГ
## НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

### Член 1

Во Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11), во членот 16-ж зборовите „како и по приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа" се бришат.

### Член 2

Во член 47 во ставот (1) по зборот „отсуство" се додава запирка и зборовите „изречена дисциплинска мерка привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител".

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) По исклучок од ставот (4) алинеја 4 на овој член, заменикот на извршителот продолжува да ја врши должноста во случај на престанок на должноста на извршителот, до завршување на постапката за именување на извршител согласно член 64-а од овој закон."

### Член 3

Во членот 48 во ставот (3) по точката се додава нова реченица која гласи: „Доколку заменикот на извршителот постапува поради спреченост на извршителот на кој му е изречена дисциплинска мерка трајно или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста-суспензија, не смее да прима нови барања за извршување."

### Член 4

Во член 54-г по алинејата 15 се додава нова алинеја 16 која гласи:

„- стори повреда која како таква е предвидена со закон,".

### Член 5

Во член 104 во ставот (1), точката 3) се менува и гласи:

„3) примање врз основа на права на парична помош од социјална заштита;“.

### Член 6

Во член 137 во ставот (1) зборовите „или правно“ се бришат.

Ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Средствата исплатени од сметката на физичкото лице врз основа на став (1) од овој член, извршителот е должен да ги чува на неговата посебна сметка 15 дена по извршениот пренос на средствата.

(3) Физичкото лице од чија сметка се исплатени средствата има право во рокот определен во став (2) на овој член, да пристапи пред извршителот и да презентира постоење на основи утврдени во членовите 104 и 105 од овој закон, за ограничување или изземање од извршување.“

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Доколку физичкото лице не постапи во согласност со ставот (3) на овој член, извршителот ќе го спроведе извршувањето од средствата од ставот (1) на овој член.

(5) Доколку физичкото лице пристапи во рокот определен во ставот (2) на овој член и презентира доказ за постоење на основи за ограничување или изземање од извршување на средствата, извршителот ќе го спроведе извршувањето од соодветниот износ на средствата од ставот (1) на овој член, почитувајќи ги ограничувањето и изземањето на извршување на средствата од членовите 104 и 105 од овој закон, а остатокот од средствата ќе му ги врати на должникот. “

### Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

## 1. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на законот е систематизиран во седум законски члена.

Со членот 1 од Предлог-Законот се менува членот 16-ж од законот, со кој се уредува обврската за плаќање на судска такса, зборовите „како и по приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа" се бришат. Ова од причина што судска такса по приговор против решението на нотарот ја наплатува судот кој ќе постапува по приговорот.

Со членот 2 со кој се дополнува членот 47 од законот, се пропишува дека заменикот на извршителот го заменува извршителот и кога тој е спречен да спроведува извршни дејствија заради изречена дисциплинска мерка привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител . Со дополнувањето се проширувaaт овластувањата на заменикот на извршителот кој продолжува да ја врши должноста во случај на престанок на должноста на извршителот до завршување на постапката за именување на извршител согласно член 64-а од овој закон.

Со членот 3 во членот 48 од законот се дополнува ставот 3 , при што, се врши прецизирање на правата, обврските и одговорностите на заменикот на извршителот, односно се пропишува дека доколку заменикот на извршителот постапува поради спреченост на извршителот на кој му е изречена дисциплинска мерка трајно или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста-суспензија, не смее да прима нови барања за извршување.

Со членот 4 од Предлог законот со кој во членот 54-г се додава нова алинеја 16, се пропишува нова дисциплинска повреда со цел да се обезбеди законито работење на извршителите согласно други закони, каде е уредено одредено постапување на извршителите.

Со членот 5 од Предлог законот во членот 104 од законот во ставот 1 се менува точката 3 и се прецизира дека се иземени од извршување примања врз основа на права на парична помош од социјална заштита.

Во членот 6 од Предлог законот со кој се менува членот 137 од законот, се прецизира начинот на извршување со тоа што кога се работи за извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице, со налог за извршување и се наложува на банката паричниот износ за кој е издаден налог за извршување да го исплати на посебната сметка на извршителот кој е должен да ги чува 15 дена по извршениот пренос на средствата, а на физичкото лице му се овозможува да пристапи пред извршителот и да презентира постоење на основи за ограничување или изземање од извршување предвидени со законот. Ако физичкото лице презентира такви основи за ограничување или изземање од извршување извршителот ќе го спроведе извршувањето од соодветниот износ на средствата од ставот (1) на овој член, почитувајќи ги ограничувањата и изземањето на извршување на средствата во законот, а остатокот од средствата ќе му ги врати на должникот.

Со членот 7 се регулира влегувањето во сила на законот.

## IV. ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Обврска за плаќање на судска такса

Член 16-ж

Во постапка за донесување на решение со кое се дозволува извршување, како и по приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа се плаќа судска такса согласно со Законот за судските такси намалена според Законот за нотаријатот.

### Заменик на извршител

Член 47

(1) Секој извршител има обврска да достави предлог за именување на заменик на извршител во рок од 30 дена од денот на започнување со работа. Заменикот на извршителот го заменува извршителот кога тој е спречен да спроведува извршни дејствија заради болест, отсуство или привремена забрана за вршење на должноста - суспензија. Заменикот на извршителот го именува министерот за правда по предлог на извршителот, за определено или на неопределено време.

(2) За заменик на извршител може да биде именуван:

- лице кое ги исполнува условите да биде именувано за извршител и работи во канцеларијата на извршителот и

- разрешениот извршител, во случај на разрешување од должност поради исполнување на услови за пензионирање, но не подолго од една година.

(3) Лицето од ставот (2) алинеја 1 на овој член кое за прв пат е именувано за заменик на извршител, дава свечена изјава од членот 34 став (2) на овој закон.

(4) Должноста на заменик на извршител престанува со: - разрешување од страна на министерот;

- враќање на должност на извршителот чиј заменик бил, откако за тоа претходно е информиран министерот за правда ;
- истекот на времето за кое бил именуван и
-престанок на должноста на извршителот од причините предвидени со овој закон, со денот на предавање на евиденцијата на извршителот во Комората на извршители.

### Права, обврски и одговорности на заменикот на извршителот

Член 48

(1) Заменикот на извршителот ги има истите права, обврски и одговорности како и извршителот.

(2) Извршителот е должен да му овозможи пристап на заменикот на

извршителот до списите.

(3) Заменикот на извршителот ги презема и продолжува со работа по списите на извршителот.

(4) Преземените дејствија од страна на заменикот на извршителот подлежат на дополнителна согласност на извршителот, освен во случај на престанок на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста.

(5) При спроведувањето на извршните дејствија, заменикот на извршителот се легитимира во кое својство настапува. Тој освен своето име и презиме, го наведува името, презимето и местото на работа на извршителот кого го заменува.

(6) Извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменикизвршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебна сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен.

(7) Во случај на привремена спреченост на извршителот и неговиот заменик подолго од 30 дена, по барање од претседателот на Комората, министерот за правда во рок од пет дена именува друг заменик извршител од редот на извршителите од истото подрачје, додека не се стекнат услови извршителот да продолжи со работа.

(8) По престанокот на причините за привремената спреченост на извршителот, извршителот ја продолжува работата во канцеларијата, за што писмено го известува министерот за правда.

(9) Должноста на заменикот што бил именуван од министерот за правда за времето на привремената спреченост на извршителот и неговиот заменик, ќе престане со враќањето на извршителот или на заменикот на извршителот коишто биле привремено спречени за работа.

Член 54-г

Дисциплинска мерка парична казна или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител, ќе му се изрече на извршител, ако:

- при спроведување на извршните дејствија не води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршувањето и нивните семејства,
- при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот,
- во поднесоци и други писмена, како и со своето однесување изразува непочитување на судовите, органите на државната управа и органите на Комората,
- неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките,
- во своето работење употребува факсимил,
- ја избегнува обврската за континуирано стручно оспособување и едукација која се одвива преку семинари и предавања,
- бара пристап до податоци за лице кое не е должник,
- наплати поголема награда за извршување или други трошоци определени со Тарифата,
- не води евиденција за наплатена награда, и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти,
- неоправдано го одложува извршувањето,

- врши јавни функции, или раководни, надзорни и управни функции во трговски друштва, државни заводи, служби за наплата, нотарски и адвокатски работи, и служба во верска заедница или религиозна група,
- парите што му се доверени на чување ги вложи на свое име спротивно на одредбите од овој закон,
- не ги евидентира барањата за извршување според времето на нивниот прием во евиденцијата, која извршителот е должен да ја води,
- работи под дејство на алкохол или наркотични средства,
- не ја чува службената евиденцијата и списите по предметите во својата канцеларија,
- оригиналните барања за извршување, документите, записниците, списите и актите,
како и доставниците кои произлегуваат од вршењето на неговата работа не се наоѓаат во обвивката на списите на предметот и
- не му издава овластување на заменик-извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка.

## Изземање од извршување

### Член 104

Изземени се од извршување:

1) примање врз основа на законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката;

2) примање врз основа на надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидското осигурување;

3) примање врз основа на социјална помош;

4) примање врз основа на привремена невработеност;

5) примање врз основа на додаток на деца;

6) примање врз основа на стипендија, кредит и помош на ученици и студенти;

7) примање на војници и питомци на воени училишта;

8) надоместок за работа на осуден во казнено-поправен дом, освен за побарување врз основа на законско издржување, како и за побарување на надоместок на штета предизвикана со кривично дело на осудениот;

9) примање врз основа на патни трошоци и дневници и

10) средствата на посебната сметка која ја поседува извршителот согласно со членот 35 од овој закон.

## 6. Извршување врз побарување по сметка кај банка

Член 137

(1) Извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко или правно лице, се спроведува така што со налог за извршување и се наложува на банката паричниот износ за кој е издаден налог за извршување да го исплати на сметката на извршителот предвидена во членот 35 став (4) од овој закон.

(2) Налогот за извршување врз парично побарување по сметка кај банка што му припаѓа на физичко лице, извршителот е должен да го изготви почитувајќи ги ограничувањата на извршувањето од членот 105 на овој закон.

(3) Налогот од ставот (1) на овој член има дејство на забрана и пренос за наплата.